**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# ПРАКТИЧНА НАСТАВА

## - ИЗБОРНА-

**III ГОДИНА**

## СООБРАЌАЈНА СТРУКА

***Техничар за патен сообраќај***

**Скопје, 2007 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ПРАКТИЧНА НАСТАВА - изборен предмет

**1.2. Образовен профил и струка**

**1.2.1. Образовен профил:** техничар за патен сообраќај

**1.2.2. Струка:** сообраќајна

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет :** трета година

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. **Број на часови неделно**: 2часа

1.5.2. **Број на часови годишно**: 72 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет :** изборен

## *2.* ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по наставниот предмет практична настава како изборен предмет ученикот стекнува знаења, вештини и се оспособува:

- да го организира меѓуградскиот, приградскиот, градскиот и такси превозот;
- да ги идентификува опасните материи што се превезуваат со патни превозни средства;
- да го применува правилото за превоз на опасни материи;
- да ја организира примената на хоризонталната и вертикалната сигнализација;
- да ги применува правилата за поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација;
- да ги применува законските прописи за исполнување на условите за полагање на возачки испит;
- да ги познава техничките нормативи за паркинг места;
- да ги применува правилата за локација на паркинг места;
- да ги применува системите за наплата на паркинг услугите;
- да ги применува техничките нормативи за вршење на технички преглед;
- да стекнува навики за уредно, брзо и точно извршување на работата.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на наставата по *практична настава* како изборен предмет, неопходно е учениците да поседуваат претходни знаења стекнати во втора година по наставните предмети логистика, експлоатација на патните возила, технологија на ракување и складирање на товарот.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу темат. целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. МЕЃУГРАДСКИ, ПРИГРАДСКИ И ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ** | **12** | Ученикот:<br>- да ги објаснува карактеристиките на меѓуградскиот, приградскиот, градскиот и такси превозот на патници;<br>- да го опишува начинот на работа на сите видови на превоз;<br>- да ги одредува тарифите при превоз на патници;<br>- да го организира меѓуградскиот, градскиот и такси превозот. | - Објаснување на карактеристиките;<br>- презентирање на начинот на работа;<br>- објаснување на тарифите при превоз на патници;<br>- демонстрирање примери;<br>- посета на претпријатија кои организираат превоз на патници. | |
| **2. ADR ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ** | **12** | -Да ја познава поделбата на опасните материи;<br>- да ги идентификува посебните опасни материи според меѓународната поделба;<br>- да ги определува местата за чување на опасните материи;<br>- да ги чита ознаките на опасните материи;<br>- да ги применува важечките прописи на превоз на опасни материи. | - Презентирање на поделбата на опасните материи;<br>- објаснување на штетното влијание на опасните материи;<br>- презентирање на важечките прописи за превоз на опасни материи. | Безбедност и регулирање на патниот сообраќај |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. **ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ПРИМЕНА НА ХОРИЗОНТАЛНА И ВЕРИКАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА** | **8** | - Да ги применува техничките услови при поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација;<br>- да организира поставување на хоризонталната и вертикалната сигнализација . | -Објаснување на поделбата на верикалната и хоризонталната сигнализација;<br>- презентирање на начинот како се поставува хоризонтална и вертикална сигнализација;<br>- демонстрирање примери. | Безбедност и регулирање на патниот сообраќај |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. **ТЕХНИЧКИ НОРМАТИВИ ЗА ДЕФИНИРАЊЕ НА ПАРКИНГ МЕСТА** | **10** | - Да ги применува нормативите за дефинирање на паркинг место;<br>- да ги претстави графички паркинг местата;<br>- да ги применува правилата за локација на паркинг места. | - Презентирање на нормативите;<br>- објаснување на правилата за локација на паркинг места. | Автобази и автостаници |
| **5. СИСТЕМИ ЗА НАПЛАТА НА ПАРКИРАЛИШТА (УЛИЧНО, ВОНУЛИЧНО И ВО ОБЈЕКТИ)** | **10** | - Да ги разликува системите за наплата на паркинг услугите;<br>- да ги применува системите за наплата на паркинг услугите;<br>- да ја организира наплатата на современите системи за наплата. | -Објаснување на системите за наплата;<br>- опишување на работата на системите за наплата;<br>-посета на паркинг гаража. | Автобази и автостаници |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6. ТЕХНИЧКИ НОРМАТИВИ ЗА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА МОТОРНИ И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА** | **12** | -Да ги познава техничките нормативи за технички преглед;<br>-да ја опишува работата на станиците за технички преглед;<br>- да ја организира работата на станицата за технички преглед. | -Презентирање на техничките нормативи за технички преглед;<br>- посета на станица за технички преглед на моторни и приклучни возила. | Автобази и автостаници |
| **7. ПОСТАПКИ ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ВОЗАЧИ НА МОТОРНИТЕ ВОЗИЛА** | **8** | -Да ги применува законските прописи при пријавување на кандидати за оспособување за возачи;<br>- да ги толкува постојните прописи од областа на безбедноста во сообраќајот;<br>- да ја организира постапката за оспособување на кандидати за возачи. | - Презентирање на законските прописи за полагање на возачки испит;<br>- објаснување на постапката;<br>- посета на авто школа. | Безбедност и регулирање на патниот сообраќај |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Во текот на воспитно – образовниот процес се применуваат следните наставни форми: фронтална, групна и индивидуална работа. Како наставни методи може да се користат: демонстрација, дискусија, решавање на проблеми, активна демонстрација на учениците и друго.
Активности на ученикот: набљудува, прибележува, применува односи и законитости во групи и независно и др.
Активностите на наставникот, главно, се: организира и раководи активна и индивидулна дејност кај учениците, објаснува, организира и води дискусија, дава инструкции, пишува на табла, демонстрира на табла, координира активности кои се реализираат во претпријатие, ги оценува задачите, поставува прашања, регистрира, оценува и ги анализира резултатите и др.

## 4.3. Организација и реализација на наставата

Процесот на учење и практичната обука по предметот практична настава како изборен предмет треба да се изведува преку стручно – практична настава, да се создадат оптимални услови за индивидуализиранаата настава и работата во тимови, како и изработката на проектни задачи и индивидуални работни вежби. За успешно реализирање на часовите по практична настава потребно е паралелката да се подели во две групи.

## 4.4. Наставни средства и помагала

Со цел да се постигнат зацртаните цели на наставниот предмет практична настава како изборен предмет потребно е да се користат следниве наставни средства и помагала:

- аудио – визуелни помагала;
- слајдови;
- илустрации;
- учебници и учебни помагала;
- дополнителна литература.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши перманентно, преку усно  и практично проверување на знаењата по секоја завршена тематска целина. Исто така, на крајот од полугодието и наставната година се проверуваат постигањата на учениците преку изготвени тестови на знаења и практични проверувања од тематски целини реализирани во текот на полугодието и наставната година. Доколку ученикот не постигнува резултати во реализирањето на конкретните цели на наставната програма, се постапува согласно на законската регулатива за средно образование.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет практична настава  како изборен предмет треба да ги поседува следните педагошки, персонални и професионални карактеристики: да е психофизички здрав, да владее со литературниот јазик и писмо на кои се изведува наставата, да е комуникативен и отворен за соработка, да е соодветно професионално образован, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа и да напредува во неа, да е добар организатор, да е креативен и способен за примена на иновации во образовната технологија.

### 6.2.. Стандард за наставен кадар

Наставата по предметот **практична настава** како изборен предмет ја реализираат кадри со завршени студии по:

- **сообраќај – патен сообраќај;**
- по исклучок **завршено више образование по  сообраќај;**

со здобиена  педагошка, психолошка и методска подготовка и положен стручен  испит.

### 6.3. Стандард за простор

За успешно реализирање на целите на наставниот предмет  практична настава како изборен предмет наставата се реализира во специјализирани училници или кабинет за сообраќај, соодветно опремен со наставни средства и помагала, според нормативите за простор и опрема, во претпријатија чија основна или споредна дејност е проблематиката на превозните средства,  транспортот и шпедицијата.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај 2007 година

**7.2. Состав на работната група:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Ридван Зекири, | дипл. маш. инж., | раководител, советник, Министерство за образование и наука |
| 2 . Борче Манојловски, | дипл. сооб. инж., | наставник, АСУЦ „Боро Петрушевски" - Скопје |
| 3.Благоја Јованов**,** | дипл. сооб. инж., | наставник, АСУЦ „Боро Петрушевски" – Скопје |
| 4. Иле Георгиевски, | дипл. сооб. инж., | ЈСП Скопје |

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**Датум на започнување**: 01.09.2007 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма за предметот практична настава како изборен предмет ја одобри министерот за образование и наука со решение бр. 11-4398/1 од 12.06.2007 година.